ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 2/50
23.01 2020 год.
Скопје

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И У С Л О В И
# ЗА ПАУШАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ НЕЗГОДА

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 23.01.2020 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за паушално осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) - (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување паушално осигурување на лица од последици на несреќен случај што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ** (во понатамошен текст: осигурувач).

Договорувач во смисла на овие Дополнителни услови може да биде физичко лице или правно лице од земјоделска дејност, градежништво и сл. кај кој работникот заснова граѓанско правен однос.

Лицата што се осигуруваат во смисла на овие Дополнителни услови, осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба и општата работна способност како и без плаќање на зголемена премија во смисла на чл. 9 став (3) точка 5 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 2**

Обврската на осигурувачот во однос на секој осигуреник започнува во 24,00 часот оној ден кога е платена договорената премија, но не парано од 24,00 часот оној ден кој во полисата е наведен како почеток на осигурувањето.

Осигурувањето се склучува со издавање на поединечна полиса за секој осигуреник или заедничка полиса со која се приложува список на сите осигурени лица и тоа на траење од најмалку една година.

Осигурување за наредната година може да се договори само со издавање на нова поединечна или заедничка полиса.

Обврската на осигурувачот се однесува само на лица од 14 до 75 години живот, а останатите помлади и постари лица неможе да се осигураат.

## ОСИГУРЕНИ СУМИ

**Член 3**

Наведената осигурена сума во полисата претставува најголем износ на обврската на осигурувачот за одделни осигурени случаи.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 4**

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а доколку нивна содржина е во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај (незгода).

**Член 5**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**
**Марко Микиќ**